РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ
УСЛУГИ - СКОПЈЕ
бр. 02-3735/1
14.07. 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14 и 44/14), согласно Извештајот бр.09-3535/1 од 02.07.2014 година од прегледувањето на телевизискиот проект од јавен интерес „Кажи ДА! за животот" во продукција на Друштво за филмска продукција уметност и издаваштво ШОРТКАТ, експорт – импорт ДООЕЛ, Скопје, Известувањето бр.09-3535/2 од 09.07.2014 година за целосна реализација на телевизискиот проект од јавен интерес „Кажи ДА! За животот" со работен наслов „Кажи НЕ! на оружјето" во продукција на Друштво за филмска продукција уметност и издаваштво ШОРТКАТ, експорт – импорт ДООЕЛ, Скопје и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3705/4 од 14.07.2014 година, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. На Друштвото за филмска продукција уметност и издаваштво ШОРТКАТ, експорт – импорт ДООЕЛ Скопје, во согласност со точка 9, подточка 9.1 од Договорот бр.09-2754/1 од 19.09.2007 година за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес – емисијата/серијата „Кажи НЕ! На оружјето", склучен помеѓу Советот за радиодифузија (сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и продуцентот, да му се исплати втората рата за проектот, во износ од 810.000,00 денари, поради тоа што тој е предаден и прифатен од страна на Агенцијата.

2. Исплатата на износот од точка 1 од оваа одлука, ќе се изврши согласно точка 9 подточка 9.3 од Договорот бр.09-2754/1 од 19.09.2007 година за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес.

3. Ова одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија за распределба на средствата од радиодифузна такса наменети за финансирање радио и телевизиска програми од јавен интерес бр.19-1945/1 од 11-ти мај 2006 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/2006), помеѓу Советот за радиодифузија на Република Македонија, (сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и Друштвото за филмска продукција уметност и издаваштво ШОРТКАТ, експорт – импорт ДООЕЛ Скопје, склучен е Договор за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес, бр.09-2754/1 од 19.09.2007 година.

Советот за радиодифузија (сега Агенција) со Тужба, бр.03-4229/1 од 07.08.2012 година, пред надлежниот суд, поведе парница против Друштвото за филмска продукција уметност и издаваштво ШОРТКАТ, експорт – импорт ДООЕЛ Скопје, за раскинување на склучениот договор за финансирање на радио/телевизиска програма од јавен интерес - проектот „Кажи НЕ! на оружјето" (30х17 = 510 минути) и за враќање на аконтативно исплатените средства во износ од 810.000,00 денари, со камата согласно Законот за облигационите односи.

Поведената судска постапка по преземањето на сите процесни дејствија заврши (Пресуда, ТСЖ.бр.-1232/13 од 21.11.2013 година), така што тужбеното барање на Советот (сега Агенција) се одби како неосновано.

Со оглед на исходот на постапката, Советот (сега Агенција) донесе Заклучок, бр.02-4936/2 од 18.12.2013 година, да се формира Комисија која ќе ги прегледува доставените проекти, така што краен рок за реализација на договорите за

финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес да биде 30.04.2013 година.

Врз основа на Извештајот бр.09-3535/1 од 02.07.2014 година од прегледувањето на телевизискиот проект од јавен интерес „Кажи ДА! За животот" во продукција на Друштво за филмска продукција уметност и издаваштво ШОРТКАТ, експорт – импорт ДООЕЛ, Скопје, на Комисијата за прегледување на преостанатите телевизиски проекти, финансирани од средствата од радиодифузна такса наменети за програми од јавен интерес, се утврди дека материјалот кој е предаден во Агенцијата во целост ги исполнува условите од Договорот за финансирање радио/телевизиска програма од јавен интерес бр.09-2754/1 од 19.09.2007 година.

Во врска со наведеното, подготвено е и Известување бр.09-3535/2 од 09.07.2014 година, за целосна реализација на телевизискиот проект од јавен интерес „Кажи ДА! За животот" со работен наслов „Кажи НЕ! На оружјето" во продукција на Друштво за филмска продукција уметност и издаваштво ШОРТКАТ, експорт – импорт ДООЕЛ, Скопје, во кое е наведено дека условите за исплата на втората рата се исполнети.

Со оглед на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14 и 44/14), а во функција на реализирање на Пресудата, ТСЖ.бр.1232/13 на Апелациониот суд Скопје, Извештајот бр.09-3535/1 од 02.07.2014 година од прегледувањето на телевизискиот проект од јавен интерес „Кажи ДА! за животот" во продукција на Друштво за филмска продукција уметност и издаваштво ШОРТКАТ, експорт – импорт ДООЕЛ, Скопје, Известувањето бр.09-3535/2 од 09.07.2014 година за целосна реализација на телевизискиот проект од јавен интерес „Кажи ДА! За животот" со работен наслов „Кажи НЕ! на оружјето" во продукција на Друштво за филмска продукција уметност и издаваштво ШОРТКАТ, експорт – импорт ДООЕЛ, Скопје и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3705/4 од 14.07.2014 година, в.д. Директорот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги –
в.д. Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Доставено до:**

- в.д. Директорот на Агенцијата;
- сите членови на Советот на Агенцијата;
- Раководителот на Стручната служба;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за економско-финансиско работење;
- Радиодифузерот на кој се однесува одлуката;
- Комисијата за прегледување на телевизиските проекти.